

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 14/14

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 24.11-2014 година. Понеделник-Бр. 14, година XVIII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Развоен план за комунални дејности на
територијата на општина Новаци за период 2015-2017.

1.Објавувам Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2015-2017, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/1
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став1 точка6 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр5/2002) и член 7 став 2 од Законот за комунални дејности(Службен весник на РМ бр95/2012)и член 21 став1 точка 29 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр 2/2005) Совет на општина Новаци на седница одржана на ден 18.11.2014 година донесе :

РАЗВОЕН ПЛАН ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА ПЕРИОД 2015-2017

Во рамките на овој развоен план согласно Законот за комунални дејности опфатени се следниве комунални дејности:

1.Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување
2.Изградба на канализациони системи
3.План за развој во делот на собирење транспорт и депонирање смет
4. Одведување на отпадни води
5.Изградба и реконструкција на општински патишта и улици

На долниве табели сите горенаведени дејности се прикажани одделно.

Изградба и реконструкција на системи за водоснабдување							
бр.	***Опис на работите***	***2015***		***2016***		***2017***	
		буџет	***донација***	***буџет***	***донација***	***буџет***	***донација***
1	Реконструкција на регионален водовод во Старавина	1500000					
2	Средства за реконструкција на системи за водоснабдување по месни заедници	500000			500000		500000
3	Изградба на водовод во с. Мегленци	1500000			1500000		
4	Зафат за наводнување на р. Елешка н.м.Гермијан		2000000		2000000	2000000	

	Изградба на мала брана на р. Строшница н.м Скопиур		2000000		2000000		2000000
	Вкупно:	**3500000**	**4000000**		6000000	2000000	2500000
	Изградба на канализациони системи						
1	*Опис на работите*	***2015***		***2016***		***2017***	
2		*буџет*	*донација*	*буџет*	*донација*	*буџет*	*донација*
3	Изградба на канализациона мрежа во с. Гермијан	5000000			5000000		
4	Изградба на канализациона мрежа во с. Добромири	3097000			3097000		3097000
5.	Средства за доизградба канализациони линии во Новаци	2000000		500000			
6.	Изградба на канализациона мрежа во с. Рибарци		2000000		2000000	1033000	
вкупно:		10097000	2000000	500000	10097000	1033000	3097000
	Одведување на отпадни води						
	Опис на работите	***2015***		***2016***		***2017***	
		буџет	*донација*	*буџет*	*донација*	*буџет*	*донација*
1.	Уредување на пороj во н.м. Гермијан	2000000		2000000			2000000
2	Одведување на атмосферски води во н.м.Горно Агларци, Долно Агларци,Далбеговци,Новаци, Рибарци и Добромири		2000000	2000000		2000000	
		2000000	2000000	4000000		2000000	2000000

	План за развој во делот на собирење транспорт и депонирање смет (ЈКП Комунална хигиена Новаци)						
1	Опис на работите	2015		2016		2017	
2		буџет	донација	буџет	донација	буџет	донација
3	Набавка на пластични канти за смет		130000	130000			130000
4	Набавка на контејнери за селектирање на отпад -за пластика и хартија од 1,1м3	150000		150000			150000
5	Набавка на СКИП				1000000		500000
	Набавка на камион -кипер		400000		400000		400000
вкупно:							
		150.000	**530.000**	**280.000**	**1.400.000**	**0**	**1.180.000**
	Изградба и реконструкција на општински патишта и улици						
	Изградба на улици и патишта	2015 година		2016година		2017година	
		Буџет	донација	буџет	донација	буџет	донација
					0		
1.	Асфалтирање на локален пат Брод-Гнеотино (дел)		10000000	0	15000000	0	15000000
2.	Изградба на тротоари во с. Новаци,Бач и Гермијан	2000000		2000000	0		2000000
Вкупно:		2000000	10000000	2000000	15000000		17000000

07-917/4
18.11.2014 год

Совет на општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Планирани едногодишни капитални инвестиции за 2015 година.

1.Ги Објавувам Планирани едногодишни капитални инвестиции за 2015 година
, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/2
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 од Закон за локална самоуправа(„ Службен весник на РМ„бр.5/2002год), а во согласност со член 21 и член 46 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година донесе:

Планирани едногодишни капитални инвестиции
за 2015 година во општина Новаци

СЕ ОДОБРУВААТ планираните едногодишни капитални инвестиции за 2015 година во општина Новаци:

1.Ракометно игралиште Д.Агларци	1.600.000,00 денари
2.Изградба И реконструкција на улици во о.Новаци	17.000.000,00 денари
3.Користење градежна механизација	4.000.000,00денари
4.Градежни материјали	3.000.000,00 денари
5.Зимско одржување	1.300.000,00 денари
4.Проектна документација	2.000.000,00денари
5.Изградба на мост во с.Градешница	800.000,00денари
6.Санација на објект во с.Добромири(младиски клуб)	1.000.000,00денари
7.Тротоари во с.Новаци	2.000.000,00денари
8.Капела во с.Новаци	1.700.000,00денари
9.Покривање на трибина во с.Новаци	1.000.000,00денари
10.Регионален пат Рапеш-Старавина	3.500.000,00денари
11.Водопоила во о.Новаци	2.000.000,00денари
12.Волонтери во о.Новаци	100.000,00денари
13.Комунални работници во о.Новаци	400.000,00денари
14.Реконструкција на водовод с.Старавина,Зовиќ,Град.	2.000.000,00денари
15.Реконструкција на подрачни училишта во о.Новаци	2.000.000,00денари
16.Поставување на селски чешми во с.Добровени	500.000,00денари
17.Атмосферска вода Г.Агларци,Добромири,Дал.Нов.	2.000.000,00денари
18.Канализација во с.Новаци	2.000.000,00денари
19.Водовод во с.Мегленци	3.000.000,00денари
20.Санација И адаптација во с.Скочивир	1.500.000,00денари
21.Сигнализација во с.Новаци	600.000,00денари
22.Пешачка патека Г.Агларци	1.500.000,00денари
23.Брана Елешка	2.000.000,00денари
24.Пороj во с.Гермијан	2.000.000,00денари
25.Изградба на брана во с.Живојно	3.000.000,00денари
26.Капела во с.Добромири	600.000,00денари
27.Ракометно игралиште во с.Бач	1.500.000,00денари
28.Полски патишта во о.Новаци	4.500.000,00денари
29.Поставување на зелен појас	1.000.000,00денари
30.Селска вага во о.Новаци	600.000,00денари
31.Пороj во д.Агларци	1.500.000,00денари
32.Униформи за ученици	600.000,00денари
33.Санација ан училиште во с.Рапеш	600.000,00денари
34.Изградба на депонија во с.Гермијан	250.000,00денари
35.Набавка на клупи во о.Новаци	300.000,00денари
36.Садници	250.000,00денари

Бр.07-917/5
18.11.2014 год

Совет на општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2014/2015 година

1.Ја Објавувам Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2014/2015 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/3
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 од Закон за локална самоуправа(„ Службен весник на РМ„бр.5/2002год), член 34 од Закон за јавни патишта („Службен весник на РМ„ бр.111/2008год), а во согласност со член 21 и член 46 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А

За зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2014/2015 година

Вовед

Појдовна основа за изработка на Програмата за зимско одржување на општинските патишта и улици е член 14 точка 8 и член 34 од законот за Јавни патишта (Сл.Весник на Рм бр.84/2008) како и член 34 став 1 точка 3 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04 и 86/08)

Содржина

1. Цел на Програмата
2. Обем, динамика и ниво на одржување
3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците
3.1 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата
3.2 Советот на општина Новаци
3.3 Единицата на локална самоуправа
3.4 Надзорен орган
3.5 Други учесници
4. Прилози:

1. Цел на Програмата

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина
Новаци преку:

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и
голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во
реализацијата на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на
Програмата.

2. Обем, динамика и ниво на одржување

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:
- локални патишта и улици по соодветен приоритет, по тип на коловоз по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

2.2. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:
- локални патишта и улици од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кој се одвива сообраќајот.

Дежурствоте се обезбедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана механизација и работна сила, и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците

На подрачјето на општина Новаци, службата за зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа – Новаци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува предпријатие кое ќе ја спроведува Програмата и ќе остварува соработка со сите други субјекти задолжени за спроведување на истата.

Функционирањето на службата за зимско одржување се остварува со следната организациска поставеност:

3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите

Претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите формира тело за организирање и раководење на службата за зимско одржување. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики.

Претпријатието ги има следните задолженија:
- организира непрекинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период;
- со специјална машина, опрема и работна рака врши чистење на снегот и посипување на песок-ризла на коловозните површини;
- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- води комплетна документација за работата на службата за зимско одржување;
- редовно и навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за зимско одржување;
- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за зимско одржување до нарачателот, РЦУК-Битола и подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи;
- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и успешно дејствување на службата за зимско одржување;
- за сезоната 2014/2015 година во доволни количини да обезбеди песок- ризла за посипување на коловозните површини.

3.2. Советот на општина Новаци
- ја усвојува оваа Програма;
- го контролира извршувањето на оваа Програма.

3.3. Единицата на локална самоуправа Новаци

- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за зимско одржување.

3.4. Надзорен орган

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на подрачјето на општина Новаци за сезоната 2014/2015 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:
- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- врши координација со органите и телата на Советот на општина Новаци, со РЦУК-Битола, подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

3.5. Други учесници

3.5.1. Подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во општина Новаци и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите.

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на општина Новаци, во делот на отстранување на снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.5.3. Државниот хидрометеоролошки завод преку РЦУК-Битола доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до општина Новаци , претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.

3.5.4. Подрачното одделение на `ЕВН``АД Скопје – КЕЦ Битола, ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.5.5. Подрачното одделение на ``Македонски телекомуникации``АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди и инсталации.

3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта, амбуланти, железнички премини, бензиски пумпи, гробишта и слични објекти) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници, ресторани и сл.објекти) преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.

3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеките и приодите пред своите домови.

За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред.

4. Оперативен план со преглед и приоритети на општинските патишта кои се предмет на зимско одржување

4.1 Со оглед на тоа што низ поголемиот дел од населените места транзитираат регионални патишта за кои одржувањето на коловозната конструкција и зимското одржување се во надлежност на ЈП Македонија Пат, чистењето на снегот во зимски услови е насочен на општинските патишта.

Со чистењето на регионалните патишта кои истовремено се транзитни улици низ населените места во општината, опфатени се главните улици на следните населени места:

-**Новаци**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-2338 (Битола-Новаци-Маково)

-Добромири- улиците опфатена со регионалниот пат Р-1101

-**Маково**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-2338 (Битола-Новаци-Маково)

-**Рапеш**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-2338 (Маково-Рапеш-Старавина)

-Гермијан,Бач,Добровени, улица опфатени со регионалниот пат Р-1107 (Гермијан-Старавина Витолиште)

5.Чистењето на снег во зимски услови на општинските патишта ќе се врши според следниот редослед и приоритет:

реден број (приоритет)	Патен правец	должина во км	
1	Рег.пат Р-1101 Г.Агларци	1	
2	Рег.пат Р-1101 Д.Агларци	0,8	
3	Рег.пат Р-1101 Далбеговци	1	
4	Рег. пат Р-1107-Живојно	6	
5	Новаци-Рибарци	2,5	
6	Рибарци-Гнеотино	4	
7	Гнеотино-Брод	6	
8	Рег.пат Р-1107 Брод	2	
9	Рег.пат Р-2338 Мегленци	1,5	
10	Мегленци-Арматуш	2,5	
11	Рег.пат Р-2338 - Паралово	3	
12	Рег.пат Р-2338 Д.Орехово	2	
13	Д.Орехово-Грумази	5	
14	Грумази-Ивени	7	
15	Маково-Орле	4	
16	Рег.пат Р-2338-Брник	3	
17	Рег.пат Р-2338-Зовиќ	5	
18	Рег.пат Р-2338-Груниште	4	
19	Рег.пат Р-2338-Будимирци	4	
20	Старавина-Градешница	3	
21	Новаци-Тепавци	12	
22	Ново село-Балдовенци	2	
23	Тепавци-Гнилеш	5	
24	Брод- Велесело	4	
25	Брод-Сливица	4	

6.Чистењето на снегот започнува во првите моменти на заврнување односно после наврнување на снег со висина од 5цм, а најдоцна до 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

7..При наврнување на поголеми количини на снег на патиштата со дебелина на снежната покривка поголема од 20цм, по наредба на Штабот за заштита и спасување на Општина Новаци во чистењето ќе се вклучи ЈКП "Комунална Хигиена"-Новаци а ќе се побара и помош за вклучување на ЈП "Македонија пат" која ќе биде присутна на терен при чистењето на регионалните патишта.

Во екстремни случаеви ќе бидат вклучени приватните фирми и другите правни лица кои поседуваат градежна механизација, а во краен случај со посебни мерки се вклучува и месното население за рачно расчистување на снегот.

8.Се задолжуваат претпријатијата кои се задолжени со механизација во овој план, да обезбедат исправност на механизацијата во зимскиот период. Доколку констатираат неисправност на механизацијата, за истото навремено да ја информират општината.

9.Посебно внимание во одржувањето на проодноста на патот ќе биде посветено на делницата Р–2338-Маково(м.в.Преслап),Р-2338 - Старавина, Рег. пат Р-1107-Живојно , каде што поради конфигурацијата на теренот можни се наноси од снег кои бараат почеста интервенција.

10.Сретствата за зимско одржување се обезбедени од Буџетот на Општина Новаци.

Бр.07-917/6 Совет на општина Новаци
18.11. 2014 год. Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Решение за избор на членови
на
Совет на млади на Општина Новаци

1. Објавувам Решение за избор на членови на Совет на млади на Општина Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/4
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), член 21 став 1 точка 44 и член 25 од Статутот на Општина Новаци (вСл.гласник на Општина Новациг бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на членови
на Совет на млади на Општина Новаци

Член 1

Со ова Решение се врши избор на членови на Совет на млади на Општина Новаци .

Член 2

За членови на Совет на млади на Општина Новаци се избираат:
Стефан Каранфиловски;
Александар Конзуровски;
Антонио Стојановски;
Ивона Филиповска;
Менде Марковски.

Член 3

Мандатот на Членовите на Совет на млади на Општина Новаци трае 2 години .

Член 4

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-917/7
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Велјановска с.Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Велјановска с.Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/5
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Велјановска с.Новаци

Член 1

На лицето Елизабета Велјановска с.Новаци му се доделува еднократна парична помош во износ од **15.000,00** денари, за понатамошно лекување.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година .

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Елизабета Велјановска, наТрансакционасметка:210501603684074,ЕМБ:04 05961415004,депонент НЛБ Тутунска Банка.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.07-917/8
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственорт на општина Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственорт на општина Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/6
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 66 од Законот за локална самоуправа (, , Сл.весник на РМг, , бр.05/2002), во согласност со член 46 и член 79 од Статутот на Општина Новаци (вСл.гласник на Општина Новациг бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година, донесе

ОДЛУКА

За отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственорт на општина Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВА отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственост на општина Новаци.

Член 2

Отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственост на општина Новаци се врши само по пат на јавно надавање согласно законот.

Член 3

За отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственост на општината, Советот на општина Новаци ќе носи посебна Одлука за секоја недвижна ствар.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Бр.07-917/9
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за Храм Св.Атанасиј Велики с.Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за Храм Св.Атанасиј Велики с.Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/7
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18-11-2014 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на средства за набавка на градежни материјали
за Храм Св.Атанасиј Велики с.Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за набавка на градежни материјали за Храм Св.Атанасиј Велики с.Новаци (50 вреќи циментo и 12м3 песок (4м3 песок 1, 4м3 песок 2, 4м3 песок 3).

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година.

Член 3

Постапката за набавка на градежните материјали ќе ја спроведи Комисијата за јавни набавки на општина Новаци

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-917/10
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Арматуш

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Арматуш, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/8
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18-11-2014 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на средства за набавка на градежни материјали
за Месна Заедница с.Арматуш

Член 1

СЕ **ОДОБРУВААТ** средства за набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Арматуш (бетонски цевки Ф-500 3м).

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година.

Член 3

Постапката за набавка на градежните материјали ќе ја спроведи Комисијата за јавни набавки на општина Новаци

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-917/11
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение Фудбалски Клуб„Пелагонија„ с. Добромири Новаци за успешно натпреварување во Општинската фудбалска лига-Б Есенска полусезона 2014/2015 година

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства на Здружение Фудбалски Клуб„Пелагонија„ с. Добромири Новаци за успешно натпреварување во Општинската фудбалска лига-Б Есенска полусезона 2014/2015 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/9
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за одобрување на средства на Здружение Фудбалски Клуб„Пелагонија„ с. Добромири Новаци за успешно натпреварување во Општинската фудбалска лига-Б Есенска полусезона 2014/2015 година.

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **30.000,00 денари** на Здружение Фудбалски Клуб„Пелагонија„ с. Добромири Новаци, за успешно натпреварување во Општинската фудбалска лига- Б Есенска полусезона 2014/2015 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година.

Член 3

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Здружение Фудбалски Клуб„Пелагонија„ с. Добромири Новаци, со жиро сметка 200002247903018, при Стопанска банкаАД Скопје.

Член 4

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-917/12
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства
на Центар за ран детски развој „Бамби„
с.Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства на Центар за ран детски развој „Бамби„ с.Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/10
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18-11-2014 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на средства
на Центар за ран детски развој „Бамби„
с.Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **60.000,00** денари на Центар за ран детски развој „ Бамби„ с.Новаци, за одбележување на 10 години постоење.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година.

Член 3

Средствата ќе се исплатаат по достава на фактура.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-917/13
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1.Ја Објавувам **Одлука за спроведување на стратегиска оцена** , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/11 ОпштинаНоваци
19.11.2014год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 15 став 1 точка 2 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност на член 65 **став** (6) **од Законот за животната средина** („**Службен весник на Република Македонија**„ **бр.** 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Советот на Општина Новаци, на ден** 18.11.2014, донесе:

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички план за село Горно Агларци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина**, согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички план за село Горно Агларци може да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Планскиот документ предвидува изградба на објекти со следните намени: А1 - домување во станбени куќи – селско-стопански дворови, Б1 – мали комерцијални и деловни намени, В1 – образование и наука, Е1-комунална инфраструктура, Д1 – парковско зеленило, Д3 – спорт и рекреација. Предвидените содржини, особено објектите за изградба со намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени можат да имаат влијание врз животната средина кое ќе се контролира со примена на соодветните мерки и активности од документацијата од областа на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.07-917/14 Совет на општина Новаци
18.11. 2014 год. Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Секуловска с.Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Секуловска с.Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-934/12
19.11.2014год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2014 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за доделување на еднократна парична помош на Доста Секуловска с.Новаци

Член 1

На лицето Доста Секуловска с.Новаци му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари, за понатамошно лекување.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2014 година .

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Доста Секуловска, наТрансакционасметка:200001776849775,ЕМБ:15 10968415036,депонент Стопанска Банка АД Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.07-917/15
18.11. 2014 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Развоен план за комунални дејности на територијата на општина Новаци за период 2015-2017. 1
2.Планирани едногодишни капитални инвестиции за 2015 година. 2
3.Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2014/2015 година 3
4.Решение за избор на членови на Совет на млади на Општина Новаци 7
5.Одлука за доделување на еднократна парична помош на Елизабета Велјановска с.Новаци 8
6.Одлука за отуѓување и давање под закуп на недвижни ствари кој се во сопственорт на општина Новаци 9
7.Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за Храм Св.Атанасиј Велики с.Новаци 10
8.Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Арматуш 11
9.Одлука за одобрување на средства на Здружение Фудбалски Клуб,,Пелагонија,, с. Добромири Новаци за успешно натпреварување во Општинската фудбалска лига-Б Есенска полусезона 2014/2015 година 12
10.Одлука за одобрување на средства на Центар за ран детски развој ,,Бамби,, с.Новаци 13
11.Одлука за спроведување на стратегиска оцена 14
12.Одлука за доделување на еднократна парична помош на Доста Секуловска с.Новаци 15

Издавач:
Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци